РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење во врска со можен судир на интереси, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси или неиспоивост на функции, имајќи предвид дека лицето ја извршува функцијата член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните - Скопје, именувана од страна на Владата на РСМ, а сега е избрана на Локалните избори 2025 година за член на Советот на општина Ѓорче Петров.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

# М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став 2 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

„(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, **член на совет**, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител **и други функции кои ги избира или именува** Собранието на Република Македонија, **Владата на Република Македонија** или органите на локалната самоуправа **се неспојливи една со друга**.

(4)**Избрано** или именувано **лице не може** истовремено да врши функција на одговорно лице или **член на орган на управување** или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал."

Државната комисија известува дека вршењето на функцијата член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните - Скопје, како именувано лице

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

од страна на Владата на РСМ **е неспојлива со** вршење на функцијата член на Советот на општина Ѓорче Петров, како избрано лице на непосредните Локални избори 2025 година.

Имено, доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција."

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk